**Во Вашингтон:**
Надин Гранам
Телефон: +1 202 473 3011
E-mail: NSghannam@ifc.org

**Во Белград:**
Слободан Бркиќ
Телефон: +381 11 3023 750
E-mail: SBrkic@ifc.org

**Во Виена:**
Оливер Вилијам Грифит
Телефон: +33 1 4069 3195
E-mail: OGriffith@ifc.org

## Југоисточна Европа и понатаму ги подобрува деловните регулативи за претприемачите, утврдија ИФЦ и Светска Банка

**Виена, Австрија, 28 јуни 2011 година** – Во најновиот извештај на ИФЦ и Светска Банка се утврди дека реформите на деловните регулативи во Југоисточна Европа на локалните претприемачи им заштедуваат време и пари. Објавен денеска *Дуинг Бизнис во Југоисточна Европа 2011* е вториот во серијата извештаи во кои се анализира леснотијата на водењето бизнис во 22 града од седум економии: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Молдавија, Црна Гора и Србија.

Економиите во Југоисточна Европа продолжија да ги реформираат деловните регулативи и покрај финансиската криза. Резултатите покажуваат дека сите 19 градови оценувани во извештајот од 2008 година имаат подобрувања во барем една од мерените регулативни области – почнување бизнис, добивање градежни дозволи, регистрација на имот и извршување на договорите. Во регионот, просечните трошоци за почнување бизнис се намалија од 22 проценти на 13 проценти од просечниот приход по глава на жител. И просечното време потребно за процесирање на градежните дозволи и за регистрирање на имот се намали за повеќе од еден месец.

Иако ниту еден град нема добри резултати според сите четири мерени показатели, во регионот најлесно се добиваат градежни дозволи во Никшиќ (Црна Гора), а се пренесува сопственост во Балти и Кишињев (Молдавија). Скопје (Македонија) и Бања Лука (Босна и Херцеговина) направија најголем напредок со воведување на деловни реформи во сите четири мерени области. Од друга страна, најтешко се почнува бизнис во Приштина (Косово), најтешко се регистрира имот во Мостар (Босна и Херцеговина) и најтешко се спроведува договор во Призрен (Косово). Добивањето градежна дозвола е најтешко во Белград (Србија).

Во одредени категории, градовите во регионот имаат резултати слични со најдобрите во светот. Преку воведувањето на едношалтерски систем, Скопје (Македонија) го поедностави почнувањето бизнис и стана петти најдобар град во оваа област. Компјутеризацијата и медијацијата на комерцијалните спорови ја подобрија ефикасноста на судовите во Зрењанин (Србија) каде сега извршувањето на договорите е брзо колку и во Соединетите Американски Држави.

„Конкурентните економии не можат да опстанат како острови“ рече Аугусто Лопез Клаеос, директор за глобални показатели и анализа во Групацијата на Светска Банка. „Споделувањето на искуствата од реформите е можност да се подобри националната и регионалната конкурентност.“

Со *Дуинг Бизнис во Југоисточна Европа 2011* се испитуваат деловните регулативи од перспективата на малите и средните домашни претпријатија. Студијата беше направена со финансиска помош од Државниот секретаријат за економски прашања на Швајцарија (СЕЦО), австриската влада и американската Агенција за меѓународен развој (УСАИД). За повеќе информации, ве молиме посетете го visit www.doingbusiness.org/SEE.

**За Групацијата на Светска Банка**
Групацијата на Светска Банка е еден од најголемите светски извори на финансирање и знаења за земјите во развој. Составена е од пет тесно поврзани институции: Меѓународната банка за обнова и развој (ИБРД) и Меѓународното здружение за развој (ИДА) кои заедно ја формираат Светска Банка; Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ); Мултилатералната агенција за гаранција на инвестициите (МИГА) и Меѓународниот центар за решавање инвестициски спорови (ИЦСИД). Секоја од овие институции игра јасна улога во мисијата за борба против сиромаштијата и подобрување на животниот стандард на луѓето во светот во развој. За повеќе информации, ве молиме посетете ги www.worldbank.org, www.miga.org, и www.ifc.org.